Уп. бр. 08-13

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ФАРМАЦИА Холдинг д.о.о. за услуги, со седиште на ул. Мирамарска цеста бр. 23, Загреб, Република Хрватска, преку адвокат Д-р Валентин Пепељугоски од Адвокатско друштво Пепељугоски од Скопје, на седницата одржана на ден 04.02.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која ФАРМАЦИА Холдинг д.о.о. за услуги, со седиште на ул. Мирамарска цеста бр. 23, Загреб, Република Хрватска, ќе стекне контрола над Аптека ДЕЛТИС ФАРМ со седиште на ул. Јосипа Варговиќа 4/IV, Копривница, Република Хрватска, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 14.01.2026 година, а дополнето на ден 15.01.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од ФАРМАЦИА Холдинг д.о.о. за услуги, со седиште на ул. Мирамарска цеста бр. 23, Загреб, Република Хрватска, со која ФАРМАЦИА Холдинг д.о.о. за услуги, Хрватска ќе стекне контрола над Аптека ДЕЛТИС ФАРМ со седиште на ул. Јосипа Варговиќа 4/IV, Копривница, Република Хрватска, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз

основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ФАРМАЦИА Холдинг д.о.о. за услуги е** трговско друштво чија дејност опфаќа производство и промет со лекови и други медицински производи, а особено производство, клиничко тестирање, увоз, брокерство, големопродажба и малопродажба на лекови и медицински производи, вклучувајќи и транспорт и маркетинг активности. ФАРМАЦИА Холдинг д.о.о. за услуги е во целосна сопственост на ATLANTIC GRUPA dioničko društvo za unutarnju i vanjsku trgovinu, со седиште на ул. Мирамарска бр. 23, Загреб.

ATLANTIC GRUPA dioničko društvo za unutarnju i vanjsku trgovinu е единствен сопственик на Atlantic Trade d.o.o. Hrvatska кој е содружник со учество од 75% во друштвото: Друштво за промет и услуги АТЛАНТИЦ ТРАДЕ СКОПЈЕ ДОО Илинден, со седиште на ул. 35 бр. 33, Илинден, со дејност - трговија на големо со шеќер, чоколада и слатки од шеќер.

Дополнително, Atlantic Trade d.o.o. Hrvatska, се јавува и како единствен содружник на друштвото Атлантик Гранд ДОО Шимановци (Atlantic Grand d.o.o. Šimanovci Srbija), кое пак е присутно на пазарот во Република Северна Македонија како единствен основач на Друштво за производство, трговија и услуги АТЛАНТИЦ ГРАНД ДООЕЛ увоз – извоз Скопје со седиште на ул. Шар Планина бр. 6, Ѓорче Петров, Скопје, со приоритетна дејност - трговија на големо со кафе, чај, какао и зачини.

**Аптека ДЕЛТИС ФАРМ** е друштво чија дејност опфаќа малопродажба на лекови и медицински помагала, диететски производи и додатоци во исхраната, како и козметика за лична хигиена, нега и заштита на лицето и телото. Аптека ДЕЛТИС ФАРМ нема подружници и истиот не е присутен на пазарот во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**